*ИЛИЈА АЦЕВСКИ*

# ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ВРЕДНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

## ВОВЕД

Последните неколку години во Македонија се почувствува силен бран на социјална раздвиженост поттикната од незадоволството од животните услови. Поголемите градови се најдоа во ситуација на еколошки неподносливи услови за живот. Новиот сензибилитет, инспириран од еколошката криза, глобално согледан, се формира во котекст на вкупните процеси на демократизацијата на општеството, при што, еколошките проблеми послужија само како повод за масовно изразување на незадоволството од политиката која долго време остана немоќна и незаинтересирана за решавање на проблемите кои произлегоа од динамичниот стопански развој. Во суштина, на историската сцена се јавија нови социјални сили, кои преку екологијата, успешно се спротиставуваа на понатамошното неразумно загрозување на условите за живот. Во тој контекст нараснатата свест за загрозеноста на животната средина ги зафати широките маси од градското население кои надвор од легалните институции, на спонтан начин, почнаа да го изразуваат незадоволството од политиката која решавањерто на проблемите за заштитата на човековата средина секогаш го разгледуваа надвор од пошироките интереси на општествениот развој.

Еколошките движења на тлото на Македонија започнаа во услови на стопанска стагнација, како движења, кои за првпат во изградбата на социјализмот го поставија прашањето за ефектите на индустисркиот развој, разбудувајќи ја свеста кај мнозинството од населението за последиците до кои може да доведе неконтролираниот раст. Зачестените загрозувања на животната средина се драматизира преку средствата за информирање со доза на голема загриженост, која кај населението предизвика висок степен на вознемиреност и песимизам дека иднината на општеството во неконтролираниот систем на власт и моќ ќе ја доведува во прашање иднината на младите генерации.

Еколошките движења како алтернатива на општествениот развој, започнаа со амбициозна програма во која се постави прашањето за индустрискиот развој и како прашање за смислата на целокупниот развој. Како прво организирано движење, со цел да прерасне во сериозна политичка сила во почетокот (крајот на минатата и почетокот на 1990 год.) беше единствената социјална сила која егзистираше надвор од легалните институции и затоа кон него се гледаше со резервираност, страв и недоверба, дека она кон што тежнееја „зелените", на некој начин е веќе присутно во легалните институции и организации, но, што тоа не се остварува не е нивен недостаток туку пасивноста на луѓето кои на никаков начин не успеваа да ги покренат на активност. Ова е значајно да се потенцира, затоа што од бурниот почеток на „зелените" денес практично остана само сеќавањето дека во почетокот на 1990 година, во Македонија „зелената алтернатива" ја најави „пролетта во Македонија", со силно изразено чувство за радикални промени во сите области на општеството, како целосна револуценерна програма, и критика на општеството кое интензивно се трансформира од традиционално-прединдустриски во индустриско-урбан тип.

Преку екологијата, нараснатата свест и новиот сензибилитет се обиде критички да го преиспита досегашниот развој на Македонија. Со демократизацијата на општеството и воведувањето на повеќепартискиот систем, се растопи во десетици нови партии кај кои, во почетокот, екологијата го доби заслуженото место, за подоцна да биде маргинализирана и неоправдано запоставена.

Сигурно дека економската криза ќе ги забави еколошките императиви на идниот социо-економски развој и ќе ги маргинализира еколошките проблеми до степен на безначајност. Уште повеќе, практично денес не функционира ни една институција или организација која, независно од центрите на моќ, ќе ги актуелизира еколошките проблеми на ниво на општествени проблеми и ќе ги мобилизира прогресивните сили во заштита на животната средина. Без независни и добро организирани и ефикасни институции кои единствена задача е да ги актуелизираат еколошките проблеми не е можна еколошка политика на државата која, соочена со тешкотиите на стопанскиот развој, целосно ги запоставува задачите околу заштитата на животната средина, а во интерес на побрзото излегување од кризата.

Фактот што новиот сензибилитет се пренесува од средини со изразито висока економска развиеност, говори во прилог на тезата, дека развиената еколошка свест не мора нужно да води во успешна еколошка активност и до радикални промени во политиата, во средини каде уште не е достигната потребната критична развиеност. Тоа може да се забележи на примерот на Македонија: од решеноста да се радикализира проблемот со заштитата на човековата средина, остана само не-

моќта и сознанието дека целта не може едноставно да се постигне и покрај „желбата на сите"!

Некои аспекти на таа желба остануваат надвор од моќта на човекот и надвор од моќта на институциите на системот. Во секое општество каде не постои целосна информираност и јавност и не е достапно сè она што е од интерес за сите членови не е можна ни вистинска еколошка акција, секогаш бирократизираните институции ќе пронајдат начин да ја фалсификуваат вистината за она што се случува пред очите на сите во интерес на некои „повисоки" цели.

## ЕКОЛОШКАТА КРИЗА И ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОГРЕС

Еколошката криза денес ги потресува основите на индустриската и постиндустриската цивилизација и го поставува прашањето за смислата, значењето и перспективите на општеството. Прашањето, дали развојот на човековото општество и интервенцијата на човекот во природата, човекот како дел од природата е погрешна нужност, која води во целосна деструкција и самоуништување, односно, смислата на целокупната досегашна култура, во краен случај води во деструкција и распаѓање и до саморазорување и пропаст, е прашање на кое не е едноставно да се одговори. Еколошката криза само го поедностави, го направи очигледно, она кое повеќе од две столетија драматично се пореметува во односите меѓу природниот и општествениот систем. Загрозувањето на структурата на екосистемот, чиј дел претставува и човекот, го сврте вниманието оној момент кога тоа почна сериозно да се одразува на развојот на општествениот систем.

Во услови на релативна стопанска неразвиеност, кога целите на општествениот развој сè исклучиво насочени кон постигање на повисок квалитет на живеење, изразен во количина на производи, еколошките прашања остануваат потиснати од желбата за побрз развој, без да се земе предвид целосната цена на прогресот. Во развиениот капиталистички свет, пред дваесетина години, и покрај долго време присутниот економски развој, се појави политичката димензија на еколошка криза, што значи дека мотивите за промената на капитализмот се бараа во смислата на развојот како таков, под влијание на пазарната економија.

Едно од централните прашања, кога се расправаа за било кој аспект на еколошката криза е попрецизно определување на поимот. *Прво*, се сложувам со оние мислења кои екологијата не ја третираат само како природна или хуманистичка дисциплина. Односот на човекот кон надворешниот свет, во основа, е детерминанта која ги определува длабочината и карактерот на структурните промени, најнапред преку процесот на трудот, како активен однос на светот околу себе, а потоа и

кон самиот себе. Тоа што човекот не ја остварува сопствената слобода, како суштество на трудот и што во него го доживува отуѓување, се содржи антрополошката суштина на еколошката криза.

Прашањето кое овде се поставува навлегува во суштината на човековата историја, сфатена како освојување на природата: дали природата може да биде освојувана на поинаков начин од оној кој е познат, како нејзина експлоатација што доведува до нејзино уништување.

*Второ*, општествената димензија на еколошката криза, како и еколошката димензија на општествената криза, во суштина се две страни на односот на човекот спрема природата, како конкретно историски однос, кој е во директна зависност од степенот на развојот на средствата за производство. Еколошката криза се однесува на оние состојби во екосистемот кога е доведена во прашање структурата на целината на односите, или, како што смета Едгар Морен, капиталистичкиот развој води до самоуништување на цивилизацијата преку самоуништување на екосистемот. Индустрискиот развој кој се смета за основен ред во регулирањето на модерното општество, мора да биде согледуван и како неред на сили кои не се само творечки, туку и уривачки насочени. За Морен технологијата дека може да ги затвори пукнатините на индустрискиот систем и да ги решава еколошките прашања, но не може да мисли за системот на нов начин. Технологијата ја уништува општата смисла на проблемот и претставува еден вид зло, зашто не располага со сопствена котрола. Од гледиште на Морен е карактеристично по тоа што ја исклучува технологијата како можност за решавање на еколошките проблеми. Еколошкото прашање има специфично стратешко значење за иднината на општеството поради две причини: прво, поради тоа што тоа е актуелно и што неговите временски причини се ограничени и второ, поради неговата поливалентност и поврзаност со други проблеми кои се исполнуваат во општеството.

Во анализата на односот на еколошката криза и општествениот прогрес се наметнуваат неколку прашања кои до неодамна не беа присутни, барем во форма на која денес се поставуваат.

Прво, екологијата како субверзивна активност се совпадна со почетокот на крајот на заблудите дека е можен социјализам од типот кој нам денес ни изгледа апсурден. Дали политизацијата на прашањата за еколошките последици на развојот на општеството, во услови на непазарна економија и динамичен развој на индустријата, но без општествени последици врз квалитетот на живот, гледан само низ призмата на количина на производи по глава на жител, не го постави во средиштето на стратегијата на изградбата на општеството како реален факт, туку само како апстрактно-хуманистичка проекција на владеачата елита, за среќата на човекот и произлезе од немоќта

да се мисли на поинаков начин. Дали„ неутралноста“ на онтолошката поставеност на еколошката криза ја погоди суштината на тоталитарната идеологија, како класно фундирана идеологија, или како посредна критика на општествената стварност во која почнаа спонтано да се разгледуваат главните прашања на филозофијата на животот од типот „што е смислата на општествениот прогрес и дали е можна слободата на човекот“.

Идејата за преиспитување на смислата на општествениот прогрес врз начелата на индустриската цивилизација, во општества каде стопанскиот развој се мери по негативните последици, а не по историските заслуги за развојот на општеството, социјалната димензија на еколошката криза е видлива во една изразито репресивна смисла: дилемата дали решението на кризата е запирање и враќање на техничко-техонолошкиот развој на попримитивни форми, само да не се загрозува рамнотежата во екосистемот која е воспоставена без интервенцијата на човекот, или, пак создавање на нови начини на производство кои и понатаму ќе го вклучуваат ризикот од понатамошно заострување на односот човек-природа-општество.

Оваа дилема за високо развиените постиндустриски општества се поставува како идеологија на побавен материјален развој или „нулти“ развој, како филозофија на животот сфатена како одрекнување од нешто кое не постои, туку пред сè, од нешто кое реално постои, како материјално богатство, како редукција на богатството. За мнозинството од населението последиците од еколошката криза, како класна димензија на суштината на индустрисата цивилизација, во планетарни рамки нè доведува до сфаќањето за земјата слично како бродот на морето чија судбина на потопувањето ја делат сите. Прашањето за мнозинството од населението не е дали се храни со загадена храна или пие загадена вода, туку, што нема, или, недоволно има храна и вода? Квалитетот на живот, набљудуван од аспект на еколошката криза, може да биде вреднуван како редукција на материјалните добра како ограничување на благосостојбата, но, тоа не ја исклучува класната димензија за која сметам дека има централно место во објаснувањето.

Ако општеството го набљудуваме во локални рамки, како локална заедница на спротивставени групи, интереси, идеологии, потреби, еколошката димензија на социјалната криза, на примерот на македонското општество, идеално послужи за критичка валоризација на општествениот прогрес, но не разбран како неизбежен и нужен, како првобитна социјалистичка акумулација, туку пред сè како критика на волунтаризмот на комунистичката власт, која се обиде да го преведе општеството од еден традиционално-феудален тип, во друг модерно-индустриски студиум, во кој стана нормално реките да бидат загадени, воздухот затруен, човекот изложен на цивилизациските производи, што постепено, но, и сигурно човекот колку да го правеа среќен во иста мера го правеа и несреќен.

Во тие услови, да се говори за еколошката криза, значи да се говори за историската димензија на општествениот прогрес, како привезок на индустриската цивилизација на развиениот свет. Свеста за општествениот интерес се формира како антиеколошка свест, како желба да се излезе од вековната примитивна материјалистичка култура, од сиромаштијата на животот. Кога суштината на прогресот се доближи до бесмисленото уништување на вредностите на околината, таа иста свест се формира и како антисоцијалистичка, како разбирливо отфрлање на апстрактните вредности за среќата на човекот, кои сестрано ги проповедаше новата власт.

Општествениот прогрес еднострано сфатен како количество на материјални вредности, за што обилно беа користени некои аспекти на Марксовата мисла, суштински се судри со основното прашање на животот, со прашањето за неговата смисла. Имено, дали претераниот оптимизам, дека материјалната благосостојба е најважниот услов за среќата и слободата на човекот беше само идеолошка измама на владеачката елита, опиум за заблудените маси, не е тешко да се претпостави. Во теоријата ќе остане отворено прашањето за суштината на општествениот оптимум за реализација на човековата слобода.

Пред сè, човекот се судрува со конечноста на своето постоење; разрешувањето на противречностите на постиндустриското општество. Пазарната економија доведе до огромен развој на општеството, но и до несовладлива криза со катастрофални последици. Потоа, немоќта на човекот да го контролира и насочува развојот кон саканата цел не е факт дека целосно го загубил разумот, тоа само говори дека со него влдеаат сили кои не се во можност да ги совлада, од што произлегува разорувачкиот песимизам дека сè е загубено! Исто така, во услови на приватна сопственост и силна централна власт, до степен на тоталитаризам, суштината на заштитата на човековата средина се поставува во лавиринтите на моќта, како контрола на моќта на самата себе, односно како супермоќ, како општа тоталитарност. Општествената свест за прогресот на општеството ја формираат такви сили, кои во облик на отуѓени сили со човекот сè послужија како со обичен материјал, како предмет завиен во сферата на „општата грижа", „хуманизмот" и слично во таа насока.

Разединетоста на светот на спротивставени групи, раси, нации, класи, гледана однатре, како сфера на интереси на владеачките групи, во екологијата ја пронајде шансата светот да го менува, но под еден услов, тој да остане и понатаму тоа што бил! Грижата на човековата околина се претвори во грижа за спас на човековата душа, за спас на презреаните и напуштените. Државата се претвора во еколошка држава, општеството во еколошко општество, но суштината на уништувањето на природата не се промени.

Прекумерниот пораст на материјалното богатство, како цел на самото себе, преку безобѕирната експлоатација на при-

родата, доведе до губење на самоконтролата на човекот во неговото дејствување, потоа, доведе до редукција на неговата креативност и ја доведе во прашање егзистенцијата на човекот во секој поглед, не само како слободно суштество. Суштината на општествениот прогрес, преку процесите на постојана редукција на човековата слобода, на немоќта човекот да се спротистави на целосната контрола на власта, доведе до состојби во кои еколошките протести, од ефемерни да ги направи „суштински", како начин на промени на светот во кој живееме. Ако еколошката криза ја разбереме како производ, а само така можеме правилно да ја разбереме, мораме да се запрашаме, пред сè за причините за нејзиното исполнување, а тоа значи, да навлеземе во суштината на општествениот систем кој формира непријателски однос спрема природата. Ако историјата ја анализираме од аспект на човековото присвојување на природата, во заедница или индивидуално, како негација на природата, како човекување, тогаш воспоставувањето на хармонија меѓу човекот и природата, природата и општеството е неостварлива, освен ако не се претвориме во наивни оптимисти од типот на Иван Илич, дека решението на еколошката криза е можно оној момент кога луѓето ќе работат заедно, а при тоа ќе се грижат еден за друг, како доволен услов за воспоставување на рамнотежа.

Под некоја реална претпоставка, за која уште ништо конкретно не знаеме, дека е можно решение за еколошката криза, сметам дека со тоа не се решаваат основните противречности на општествениот прогрес. Заблудите кои се шират во развиениот западен свет, дека со отстранување на дел од последиците на индустриската и постиндустриската цивилизација ќе се решат основните проблеми за мнозинството од населението, идеално се поклопуваат, со познатата стратегија во историјата, за природната поделеност на развиени-неразвиени, богати-сиромашни како за природни состојби на развојот воопшто.

Апстрактниот однос кон природата, во суштина е однос на човекот кон другиот човек, на една општествена група кон друга општествена група, каде што човекот се претвора во предмет слично како и природата. Решението што го нуди Маркузе, на пример, се однесува на човекот воопшто спрема природата воопшто — ослободувањето на природата како ослободување на човекот! Но, дали ослободувањето на човекот може да биде во исто време и субјект и објект на тоа ослободување? Или ставот, дека е можен селективен пристап во примената на технологијата која не е непријателски расположена спрема природата, како капиталот да стигнал до суштината на човековата слобода и чека погоден момент да го ослободи човекот? Сметам дека субјектот на ослободувањето на природата од човекот, уште не е создаден и прашање е дали може да биде создаден во пазарното општество и, дали е воопшто можен некој поинаков тип на економски успешно општество. Не се

поставува прашањето за оваа или онаа технологија која повеќе или помалку загадува, прашање е за смислата на човековата интервенција во природата воопшто кое во основа е сепак против природата и кое е уривачко, а тоа е суштината на човекот како човек! Одговорот на прашањето за можниот излез од еколошката криза, суштински произлегува од одговорот на прашањето дали е можен некој поинаков општествен систем во кој човекот ќе може да гради хармонија меѓу него и природата, природата и општеството и во односите со другите луѓе!

## ЕКОЛОГИЈА И ПОЛИТИКА

Постсоцијализмот може да биде анализиран и од аспект на еколошката криза. Тој не располага со сопствена технологија, односно користи технологија која е развиена во рамките на капитализмот. Вреднувањето на технолошкиот развој од аспект на една класно-социјална еколошка позиција подразбира во прв ред вреднување на смислата на социоекономскиот раст кој пред сè е насочен кон заострување на односот на човек-природа, односно, кон загрозување на екосистемот во кој човекот е само еден негов дел.

Историјата на човекот може да се интерпретира и како историја на очовечување на природата. Природата се јавува како претстава, дело и проект на човечкиот ум. Човекот преку науката, како негово орудие, господари со природата, ја манифестира моќта преку нејзината примена и ја насочува за задоволување на неговите потреби. Природата се јавува како обичен материјал во неговите (човековите) раце. Нововековното поимење на природата како „реализирана субјективност“ или „хуманизирана стварност“, во развојот на капитализмот го проблематизира сфаќањето за човекот како „рационално суштество“. Се постави прашањето за границите на човековата интервенција во природата. Самоостварувањето на човекот, „лукавството на умот“, постепено се претвора во драматична ситуација, во која се затемнува смислата на неговото постоење.

Еколошката криза претставува сублимиран израз на противречностите на модерниот свет. Пред сè, суштината на еколошката криза е длабоко вкоренета во индустриската цивилизација, со која започна капитализација на светот во кој почнаа да се бришат регионалните граници на општеството и политички разлики. Се случува процес на интензивна експлоатација на природните ресурси, која веројатно во блиска иднина дел од нив ќе доведе до целосно исцрпување.

Индустриската цивилизација ги релативизира критериумите за општествениот прогрес и квалитетот на живот на човекот. Општествениот прогрес се претвори во раст на материјалната благосостојба, иако не за сите подеднакво, а квалитетот

на живот почнува да се мери на пример со степенот на загаденост на водата и воздухот!

Политичката димензија на еколошката криза, не произлезе од судирите на технолошкиот развој и развојот на општествениот систем: политизацијата на еколошките димензии на кризата произлегоа од алтернативните движења во кои поединецот го изразува спонтано сопственото незадоволство од општествениот систем, како наивност, поаѓајќи од потребата за заштита на животната средина.

Критичкиот однос на деградацијата на човековата околина, неразумните постапки на човекот кон природата, кои долго време се присутни во литературата како отуѓување на човекот од природата, во социјално-еколошките движења најдоа соодветни услови за материјализација на тие идеи, како јавни протести на населението против легалните институции на системот и сите останати субјективни сили кои учествуваат во тој неразумен чин на деградација на природата. Со тоа на човековиот труд не му се припиша само творечката улога, туку пред сè деструкција изразена низ еколошкиот и технолошкиот детерминизам. Односно, најпосле се призна разидувањето на човекот и природата, како процес кој негативно е насочен пред сè против природата, чиј дел е и човекот, што значи процес кој е насочен против човекот како субјект на промените во природата.

Еко-идеологијата на алтернативните движења се формира како спонтана реакција на деградацијата на условите за жиот кои ги погодува сите но не подеднакво. Таа отвора пукнатини на општествениот систем за критично преиспитување на вредностите.

За т.н. социјалистички општества, кога се говори за односот на политиката и екологијата се исполни една ситуација на „двоен морал“. За социјализмот не беше посебен проблем да ја земе врз себе обврската за чиста и здрава природа и за репродукција на природата како општествена задача и сл. Проблемот се јави на практичен план; во нејзината реализација и тоа како врз економски, и технолошки, така и врз класно-социјален план. Ако првите два (економси и технолошки) претежно се детерминирани од објективната ситуација во која се наоѓува една земја и се вон човекот-поединец, или, како припадник на некоја општествена група, третиот, класно-социјалниот и на тоа би го довеле и политичкиот момент, има сосема поинакво значење. Надминувањето на класната поделеност е еден од важните фактори за надминување на еколошката криза. Имено, класната поделеност создава состојби на нерамномерна распределба во потрошувачката, квалитетот на живот и моќта во управувањето.

Еколошката димензија на кризата на општеството длабоко навлегува во општествениот систем и го дели општеството на два дела: на оние кои директно се запрозени од последици-

те на технолошкиот развој и на оние кои сè во состојба да избегнат дел од нив. Станува збор за тоа како да се создадат услови, здравата средина да биде достапна за сите подеднакво.

Еколошката стратегија на капитализмот без сомнение (за тоа нема потреба да наведуваме посебно докази) има економски карактер.

„Доцниот капитализам" се формира како центар, наспроти останатиот свет кој се претвора во негова периферија. Екоидеологијата на системот постепено го генерализира односот развиени-неразвиени во насока на „чиста" и „нечиста" индустрија. Можностите за сите неразвиени земји и земји во развој, надвор од центарот, на планот на технолошкиот развој се ограничени. За „неразвиените и технолошки зависни" земји се отвара поле за отворени социјални судири, меѓу оние кои се на власт и се стремат да му обезбедат развој на општеството, главно преку индустрискиот развој и претставниците на социјалните движења кои го проблематизираат тој развој од гледиштето на еколошката криза. Од една страна, општественоекономскиот развој, кој претпоставува раст по секоја цена (по цена на безмилосна експлоатација на природните ресурси и работната сила) а, од друга страна, нараснатата свест на алтернативните групи кои го обезвреднуваат успехот како бесмислен од гледиштето на човековите потреби.

Еко-критиката може да биде лоцирана внатре во системот, како саморегулација на развојот во смисла на саканата цел, или пак, како алтернативна идеологија, како реакција и деструкција на општествените институции.

Во услови на политички плурализам каде се напушта монополот на политичката власт и дејствување на владеачката партија и држава, еколошките прашања можат да ја прошират демократската основа за дејствување и можност да се исполнат како одлучувачки фактори во борбата за власт и моќ.

## АКТУЕЛНОСТА НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ЕКОЛОШКИТЕ МОЖНОСТИ НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТЕСТВОТО

Кризата со која се соочува денес општествениот развој со една своја димензија длабоко произлегува од нарушувањето на односот на човекот и неговата животна средина. Современата криза на развјот во суштина е ѝ криза на целите и вредностите кои ги следат сите сфери на општествениот живот.

Логиката на интензивниот индустриски развој доведе до безгранична доминација на вредностите на животот, производството и потрошувачката, кои се базираа на безмилосна експлоатација на природните ресурси, што во голема мера доведе

до дестабилизација на нарушување на природните законитости, кои на еколошки план неспорно ја доведоа природната рамнотежа која се заканува со катастрофални последици во глобални размери.

Идеологијата на економскиот раст, на сметка на безмилосната експлоатација на природните богатства, денес ја наметнува потребата од преиспитување на глобалните насоки на општествениот развој и на идејата за суштински промени во културата на живеење и однесување на човекот и општеството кон природата и нејзиното искористување. Со тоа се отвора можноста за ново преиспитување на „безграничниот“ економски раст врз принципите на пазарната економија и го отвора патот кон примена на нови т.н. „меки“ технологии кои имаат пријателски однос и позитивно влијание врз законитостите на природниот развој.

Начинот на животот во индустриските општества се најдува во голема глобална противречност со природните услови на човековата егзистенција. Илузијата дека науката и техниката можат сами по себе да ги решат социјалните проблеми, проследени со погрешно поимање на прогресот како безграничен раст на производство на материјални добра, особено во оние општества кои во Втората светска војна влегоа во фаза на интензивен индустриски развој, денес се разбива како недоволно јасно промислена, што доведе до тешки последици, особено на планот на еколошките претпоставки за еден достоен живот.

Во таа смисла сметам дека идејата за прогресот на општеството во Македонија треба да се превреднува врз нови начела имајќи ги пред себе сите вредности кои се присутни во просторот и општеството. Етичката димензија на еколошките императиви на општествениот развој мора да произлезе од реалните претпоставки кои во себе ги содржи општеството, културата и просторот на Македонија. Затоа е потребна визија за едно еколошко општество, кое не започнува и завршува со наивно верување дека развојот сам по себе ќе доведе, најнапред, до отстранување на последиците од досегашниот развој, а потоа и до трасирање на нови патишта кои ќе ги почитуваат еколошките претпоставки, како услов (еден од условите) за хармоничен однос меѓу општеството — техниката — природата.

Стабилноста на општеството, како еколошко општество главно се базира на неколку претпоставки:

Прво, потребна е валидна, целосна и пред сè јасна визија за идниот развој, која не се базира само на тесно-стручни, специјалистички сознанија, туку на глаболни сознанија за економските, политичките, културните, вредносните и моралните фактори на развојот, односно една смислена, можна и практично остварлива и на конкретни сознанија заснована визија. Тоа претпоставува радикална промена на критериумите на раз-

војот, во кои еколошките се земаат како главен предуслов и критериум на праксата.

Второ, социолошките претпоставки на идниот развој кои се формираат во средиштето на противречностите на односот меѓу општеството, техниката и природата мора да бидат максимално свесно контролирани и ублажувани во приог на еколошките императиви на прогресот на општеството.

На индивидуално рамниште, социоеколошките проблеми се ставаат пред интересите на поединецот како неопходен услов за позитивни ефекти на општествените активности и за непосредна социјална акција во еколошката сфера. Потоа, економското подрачје, кое по навиките на досегашниот развој, во иднина ќе биде едно од најсуштинските во кои ќе се формираат еколошките претпоставки на идното општество. Посебно тоа се однесува за оние фази од развојот кога економската добивка добива приоритет пред сите други претпоставки за прогресот на општеството. Мора радикално да се менува односот кон економските параметри на развојот и истите се промислуваат во рамките на една сложена и конфликтна стварност, во периоди на длабока економска криза, кога се занемаруваат сите аспекти во интерес на побрзото излегување од кризата. Традиционалното подрачје во фаза на економска, соци-политичка и морална криза може да биде од пресудно значење за карактерот на идниот развој.

а) Односот меѓу општеството и природата, претставен како култура на живеење и однесување на поединецот и општествените групи и сите други фактори на општествениот развој, се поставува на нови принципи за кои „еколошкото општество“ е императив за неговата динамичност и стабилност. Идното конфликтно подрачје се пресметува во нова општествена ситуација каде еколошките принципи имаат доминантно место.

б) Социо-политичките претпоставки кои трасираат нови односи во сферата на одлучувањето и управувањето, претставуваат исто така, нови можности за квалитативно различен однос кон животната средина и нова еколошка политика која ќе се гради врз демократски начела и почитување на интегритетот на човекот и неговото право на здрава околина.

в) Прогресот на општеството, како хумано-еколошки проблем и како конкретизација на реалните можности за економски развој ги стабилизира културните и вредносните императиви во рамките на оптимални граници на развојот и ги стабилизира потребите и интересите на поединецот и општествените групи.

Социоеколошкиот оптиум на развој поаѓа од ограниченоста на природните ресурси како реален факт, со што се отвора можноста за редефинирање на целокупната досегашна стратегија која доведе до изразито изострени еколошки проблеми и го блокира идниот развој.

## СИСТЕМ НА ВРЕДНОСТИ И ЕКОЛОШКА СВЕСТ

Промените на свеста, особено кај градското население, е забележлива во поимањето на категориите на индустриското општество и во сфаќањето на квалитетот на живот, како нов бран на филозофијата на смислата на секојдневниот живот, но и во губењето на довербата во легалните институции на системот, дека можат на задоволувачки начин да ги решат горливите прашања на цивилизацијата.

Општествената положба, во која се најде најголемиот дел од населението, особено во поголемите градови, на планот на трансформацијата на вредностите, почнува да создава реални претпоставки за радикални промени во доменот за заштита на чоековвата средина. Пред сè почнува да се губи надежта дека за краток период, може успешно да се премине од едно аграрно- неразвиено општество, во општество со развиени индустриски потенцијали, а при тоа, да не се плати цената на развојот, во сферата на загрозување на животната средина. Тоа е една од претпоставките со кое се судрува секое гледиште без разлика на позицијата од која се поаѓа во анализата. Ако проблемите ги набљудуваме од аспект на поединецот, соочувањето на стагнацијата на развојот, главно предизвикан од еколошките мотиви и застрашувачките состојби на животната средина, се наложува да биде жртвуван на сметка на стандардот, кој директно зависи од индустрискиот развој.

Општествено-економскиот развој во голема мера зависи од безобзирната експлоатација на природните ресурси на сметка на квалитетот на животната средина, што на социолошки план ја забрзува ерозијата на државните и социјалните институции, а на психолошки план создава апокалиптична визија која ја доведува во прашање смислата на животот.

Неоснованото одушевување од техничкиот напредок, без разлика на целта која се сака да се постигне, добива карактер на „религија на ослободување“, која во суштина влече длабоки корени од индустриската култура, која го исклучи вредносно-етичкиот став и одговорност на човекот за состојбите во екосистемот со што ја доведе во прашање и слободата на човекот.

Денес повеќе мислители, со една длабоко промислено и загрижувачко сознание говорат за начинот врз кој се доаѓа до економски просперитет, кој исклучиво е насочен кон добивка по цена на голем ризик за животната средина.

Повеќедецениската интензивна индустријализација без минимална грижа за последиците на еколошки план доведе до будење на свеста на населението за последиците од нарушувањето на рамнотежата меѓу природата и општеството.

Промените на свеста, особено кај градското население, се видливи во сферата на поимањето на категориите на индустриското општество. Кризата на индустрискиот систем на вредности се изразува, пред сè како сознание за вредностите на про-

фитната економија, која го доведе во прашање опстанокот на човекот.

Претпоставките за промена на свеста за состојбите на животната средина во Градот, непосредно произлегува од негативните влијанија кои ги врши забрзаниот процес на индустријализација и урбанизација и во брзото претворање на природната средина во вештачка, со што се влошува квалитетот на живеење. Процесите на индустријализација и урбанизација на градот нужно доведоа до загрозување на животната средина и го изложија човекот на негативните влијанија на загадената средина и непријателските услови за живот, што создаде, од своја страна, критички однос спрема факторите на тие промени.

Човекот има потреба за вредности и тоа е еден од елементите на неговата положба во општеството. Вредностите кои произлегуваат од односот на човекот кон животната средина, навлегуваат во сите сегменти на неговиот живот, затоа што неговата интервенција во природата, денес, ги доведува во прашање симслата на неговиот живот воопшто, како на индивидуален план, исто така и во рамките на општествената заедница, на локални па и во светски разреми.

Карактерот на еколошката вредносна ориентација, како систем на вредности кои, пред сè, се однесуваат на границите, смислата и значењето на човековата интервенција во природата произлегува и од историскиот момент на развојот на општеството за кое, кога станува збор за нашето општество, е карактеристично и тоа што во него почнува да се чувствува повторно негативно влијание од интензивниот индустриски развој и неконтролираниот пораст на градовите. Општеството ја достигна т.н. критична граница од која почнуваат да се создаваат претпоставки за квалитативно ново поимање на основните категории на филозофијата на секојдневниот живот. Богатството на животот почнува да не се мери само низ квантитативниот раст на материјалните производи.

Економијата на профитот го претвори градот во средина на новиот начин на живот и нови вредности и потреби за кои производството на материјални добра се доживува како единствена можност и критериум за квалитетот и стандардот на живот.

Првобитната акумулација на капиталот во неразвиените региони предизвика тешки последици на социјален, културен, а посебно на еколошки план. Големиот град ја реализира модернизацијата на сиромаштијата и ја формира структурата на потрошувачкиот менталитет надвор од реалните можности и врз нискиот степен на развој на општеството. Новиот систем на вредности се формира како привезок на културата на високо развиените земји; свеста ја презеде структурата на индустриската култура и ги реализира вредностите на високоразвиените технолошки општества, без да ја радикализира основата на културата на живеење. Тоа го доведе под сомнение уве-

рувањето дека, квантитативниот пораст на животниот стандард, нужно води и кон подобар квалитет на живеење. Последиците на индустријализацијата и урбанизацијата почнува да го разоруваат оптимизмот и вредностите кои израснаа на основите на профитната економија: човекот ја почувствува зависноста од природата во најдиректна форма, како загрозување на сопствената личност.

Влијанието на негативните ефекти на урбаниот екосистем врз животните услови на човекот доведоа до потребите од преиспитување на смислата на животот и начинот на задоволување на потребите. Хиперурбанизацијата со сите негативни последици на еколошки план почна да создава трагични последици врз развојот на човековите способности. Прекумерниот пораст на градот, не создаде услови за користење на благодетите на урбаната култура карактеристични за еден голем град како што е Скопје, туку предизвика процеси и создаде односи на деградација на секојдневниот живот.

Еколошката димензија на урбаната криза навлезе длабоко во структурата на вредносниот систем на индустриското општество. На планот на организацијата на просторот отсуствува сознанието за градот како сложен микроеколошки систем. Не постојат речиси никакви сознанија за последиците за енормното загадување на водата, воздухот и тлото, врз здравјето на луѓето и опстанокот на растителниот и животинскиот свет.

## ОСНОВНА ХИПОТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето на еколошката свест кај градското население се трага од претпоставката дека не постои јасно формирана еколошка свест, туку, дека се работи за одделни сегменти кои во зависност од степенот на изразеноста на одделни аспекти на еколошката загаденост на човековата средина, кои се карактеристични за градот, формираат состојби на елементарна еколошка освестеност која не мора да биде услов за практични ангажмани. Во суштина, во услови на изразито остри противречности на социјален и економски план кои предизвикуваат и изразито изострени критички состојби, еколошката свест носи карактер на „несреќна“ и „подвоена“ свест која нема јасно изразен и конститутивен еколошки карактер, туку фрагментарен, половичен и над сè, конфузна ориентација.

Суштинската димензија на карактерот на свеста се основа на системот на информирање за значењето, суштината и последиците од загрозеноста на животната средина во градот.

Актуелизацијата на еколошките проблеми, преку средствата за масовна акумулација во периодот на истражувањето одиграа голема улога во формирањето на ставовите во однос на еколошките проблеми воопшто, а посебно во однос на еколошките проблеми на Скопје.

# ЕКОЛОШКИТЕ СОСТОЈБИ ВО СКОПЈЕ

Еколошката димензија на урбаниот екосистем на Скопје се фрмира последниве десетина години, за време кога градот, од населбата со средна големина од околу двесте илјади жители, прераснува во град со околу шестотини илјади жители,без било каква планска организација, како отворен град и „ветена земја“ за илјадници пролетеризирани селани, кои по катастрофалниот земјотрес, почнаа масовно да го населуваат.

Денес развојот на Скопје се соочува со нерешливи прашања за еден подолг временски период. Пред сè, се поставува прашањето за просторно-физичката организација на елементите во просторот и општествениот развој, во услови кога се надминати можностите за развој во речиси сите домени од изградбата на градот.

Демографскиот пораст на градот ги девалвира сите настојувања да се дојде до една оптимална големина за еден изразито неразвиен регион, што доведе до висок степен на невработеност, голем недостиг на станови, до стопанска стагнација која води во колапс и сл.

Владеачката идеологија „успешно“ ја материјализира сиромаштијата како модерен израз на патолошката урбанизација. Градот навлезе во фаза на целосна стагнација и бесперспективност со реални можности за отворени судири меѓу социјалните и етничките групи.

а) Неконтролираниот механички прилив на населението сериозно го поремети понатамошниот развој на градот и го доведе во прашање нормалното задоволување на основните животни потреби, можности за вработување, домување, снабдување, транспорт и сл.

б) Присутна е голема диспропорција на развојот на градот и регионот,

в) Отсуствува адекватна земјишна политика и нормативно-правна регулатива што доведе до шпекулација со земјата и до уништување на најголемиот дел од плодното земјоделско земјиште.

г) Отсуствува свест и сознание за општите цели на развојот што создаде мноштво противречни ситуации во просторот, состојби на хаос и непочитување на основните правила на изградбата на градот. Градот се претвори во механички збир на мноштво неповрзани елементи кои разорно делуваат врз екосистемот на градот.

д) Неадекватната структура на стопанството во градот, ниската акумулативна способност (тешка, хемиска и металопреработувачка индустрија) перманентно создава еколошки проблеми.

ѓ) Недоследностите во урбаната обнова на градот по земјотресот се резултат на отсуството на промената на рационални методи во планирањето и насочувањето на развојот воопшто.

## ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ВО СКОПЈЕ

Загадувањето на воздухот претставува еден од најголемите проблеми на големите градови и меѓу кои се најдува и Скопје. Населението живее во загадена атмосфера во текот на целата година. Смогот на пример, кој се формира како резултат на фото- хемиска реакција меѓу азотните оксиди, киселините раствори и сончевите зраци, во услови кога пониските загадени слоеви не можат да се искачат на повисоки растојанија. Во Скопје последните десетина години се забележани промени во микроклиматските услови во одделни подрачја на градот, како резултат на сè поголемото загадување на воздухот.

Промените на квалитетот на воздухот се регистрираат преку мерењето на чадот, $SO_2$ и јаглен моноксидот, од вкупно 13 параметри кои се предвидени со закон. Во последните неколку години во воздухот се мери и присуството на тешки метали (олово и калиум). Општа оценка е дека мерењето на овие метри во воздухот не ги задоволува современите барања и затоа податоците се земени само како индикативни показатели.

Присуството на чад во атмосферата над максимално дозволените граници и регистрирано речиси секој трет ден во годината, а на $SO_2$ речиси секој шести ден. Во Скопје е присутен сезонски карактер на загаденоста на воздухот. Деновите со најголем процент на загаденост на воздухот има во зимскиот период. Најголема досега регистрирана концентрација на $SO_2$ е во јануари 1987 година (осум пати над максимално дозволените количини). Исто така, се забележани екстремно големи загадувања во близина на поголемите фабрики — големи загадувачи (Железара, Топлификација, ОХИС и др.). Присуството на $SO_2$ во воздухот од несогорливите издувни гасови од возилата (инаку сообраќајот учествува со околу 51% од загадувањето на атмосферата) практично е присутен во сите денови од годината.

## ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОДАТА

Загадувањето на водата на територијата на скопското подрачје е изразито високо. Последните неколку години, особено 1990 година кога проблемот „не постои“, од проста причина што реките не само што немаа вода која обезбедува биолошки минимум, туку едноставно се пресушени вклучувајќи го и Вардар. Што тоа значи за животинскиот и растителниот свет нема потреба посебно да се наведува.

Досегашните истражувања покажуваат дека квалитетот на површинските води покажува прогресивно опаѓање и го нема квалитетот на води определен со водостопанската основа.

Збирниот квалитет на водите во скопската котлина спаѓа во VI категорија или е вон категорија. Од територијата

на скопското подрачје водите на реката Вардар излегуваат со влошен збирен квалитет од IV или се вон класа. Водите практично не се употребливи за никаква намена.

## ЗАГАДУВАЊЕТО НА ПОЧВАТА

Почвата во индустриските урбани системи доживува најголема деградација предизвикана преку намалување на површините и нивно загадување со разни хемиски и индустриски отпадоци и несоодветна експлоатација. Посебна деградија настанува при употребата на разни хемиски соединенија за заштитата на растенијата и примена на вештачки ѓубрива. Не постојат соодветни податоци за степенот на загаденоста на почвите во Скопје и скопскиот регион.

## БУЧАВА

Бучавата е една од најприсутните непријатни појави во големите градови. Особено таа е присутна во близината на прометните сообраќајници, индустриските капацитети, централната градска зона и други места во градот. Ако бучавата ја надмине дозволената максимална граница (60—65 дБ) настануваат оштетувања на слухот и разни други психијатриски заболувања.

*

* *

Во Скопје како центар на СР Македонија се создадоа услови за изградба на повеќе производствени капацитети од хемиската и металопреработувачката индустрија индустријата за цемент како и други големи загадувачи на животната средина. Преземените мерки во работните организации — потенцијални загадувачи на воздухот, водата и почвата не се доволни и во иднина ќе треба да се посвети повеќе внимание за намалување на штетните материи кои неконтролирано ги испуштаат.

На планот на мерењето на штетните материи мора да се преземат соодветни активности во смисла на целосна опрема на лаборатории за таа намена, кои ќе бидат во состојба да ги мерат сите поважни загадувачки материи, со што би се формирала целосна претстава за штетноста од загадувањето. Тоа би бил предуслов за преземање навремени активности на планот за целосна заштита.

# НЕКОИ МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ ОКОЛУ ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО СКОПЈЕ

Истражувањето на еколошката свест кај граѓаните во Скопје се реализира во периодот април-мај 1990 година, во неколку работни организации (Алумина, Охис, Железара, Пелагонија), средни училишта и факултети. Примерокот нема репрезентативен карактер. Изборот на единиците на анкетирање беше намерно формиран и раководен од идејата за застапеност на доволен број испитаници од предвидените групи (материјално производство, заеднички служби, ученици и студенти). Сѐ друго беше препуштено на снаодливоста на анкетарите.

а) Структура на испитаниците

| | Број | Процент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. Пол | | | |
| а) машки | 189 | 47,25 | |
| б) женски | 211 | 52,75 | 400/100% |
| 2. Занимање | | | |
| а) Ученик во средно училиште | 100 | 25,0 | |
| б) студент на општествено-хуманистички факултети | 48 | 12,0 | |
| в) студент на технички факултети | 27 | 6,75 | |
| г) Студент на медицински факултет | 25 | 6,25 | |
| д) Вработен на непоср. материјално произв. | 100 | 25,0 | |
| ѓ) Вработени во заед. служби | 100 | 25,0 | |
| 3. Роден или доселен во Скопје | | | |
| а) Роден во село | 87 | 21,7 | |
| б) Роден во внатрешноста (град, или друго место) | 133 | 33,25 | |
| в) Роден во Скопје | 180 | 44,75 | |
| 4. Во која населба (дел од градот живее) | | | |
| а) Централно подрачје | 80 | 20,0 | |
| б) Карпош I, II, III, IV | 49 | 12,25 | |
| в) Населба во подножје на Водно | 35 | 8,75 | |
| г) Населба Железара, Бутел II | 17 | 4,25 | |
| д) Населба Маџари, Синѓелиќ | 24 | 6,0 | |
| ѓ) Населба Аеродром, Лисиче | 60 | 15,0 | |
| е) Населба Пинтија, Кисела Вода | 32 | 8,0 | |
| ж) Населба Ѓ. Петров, Н, Село, Бардовци, Злокуќани | 20 | 5,0 | |
| з) Во други делови на градот | 80 | 20,50 | |

Табела 1

КОЛКУ ВАС ЛИЧНО ВЕ ИНТЕРЕСИРА ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВАТА СРЕДИНА

| Занимање | | Многу ме интересира | И мè интересира и не | Воопшто не ме интересира | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. Ученик во средно училиште | | 75 | 23 | 2 | 100 |
| | H | 75,00 | 23,00 | 2,00 | 25,6 |
| | V | 21,68 | 47,92 | 40,00 | |
| | T | 18,75 | 5,66 | 0,39 | |
| | | 86,71 | 12,03 | 1,25 | |
| 2. Студент на општ. хуман. факултети | | 41 | 7 | 0 | 48 |
| | H | 85,42 | 14,58 | 0,00 | 12,03 |
| | V | 11,85 | 14,58 | 0,00 | |
| | T | 10,16 | 1,56 | 0,00 | |
| | | 41,62 | 5,77 | 0,60 | |
| 3. Студент на технички факултети | | 25 | 2 | 0 | 27 |
| | H | 92,59 | 7,41 | 0,00 | 6,77 |
| | V | 7,23 | 4,17 | 0,00 | |
| | T | 6,25 | 0,39 | 0,00 | |
| | | 23,41 | 3,25 | 0,33 | |
| 4. Студенти на медицински факултети | | 17 | 8 | 0 | 25 |
| | H | 68,00 | 32,00 | 0,00 | 6,27 |
| | V | 4,91 | 16,67 | 0,00 | |
| | T | 4,10 | 1,95 | 0,00 | |
| | | 21,67 | 3,00 | 0,31 | |
| 5. Работници во материјал. производ. | | 95 | 2 | 2 | 99 |
| | H | 95,96 | 2,02 | 2,02 | 24,81 |
| | V | 27,46 | 4,17 | 40,00 | |
| | T | 23,63 | 0,39 | 0,39 | |
| | | 85,84 | 11,90 | 1,24 | |
| 6. Работници во заед. служби | | 93 | 6 | 1 | 100 |
| | H | 93,00 | 6,00 | 1,00 | |
| | V | 26,88 | 12,50 | 20,00 | |
| | T | 23,24 | 1,37 | 0,27 | |
| | | 86,71 | 12,03 | 1,25 | |
| Вкупно: | | 346 | 48 | 5 | 399 |
| | | 86,72 | 12,03 | 1,25 | 100,00 |

## ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ КАЈ ГРАДСКОТО НАСЕЛЕНИЕ (ПРЕГЛЕД И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО)

Занимањето и интересот на заштита на животната средина

а) Интересот за заштита на животната средина е голем кај испитаниците од сите групи на занимања. Од вкупниот број на испитаници, 86,7% многу се заинтересирани за заштита на

средината, а само 1,3% воопшто тоа не ги интересира. Останатите 12,0% изјавиле дека и ги интересира и не ги интересира. Интересно е да се истакне дека кај вработените од материјалното производство, за разлика од студентите и учениците, интересот за заштитата на средината е многу поголем. Од вкупниот број испитаници од непосредното материјално производство 95,9% изјавиле дека тоа многу ги интересира. Големиот интерес доаѓа од условите во кои работат, кои се сигурно далеку полоши во еколошки поглед отколку работните услови на учениците и студентите (Табела 1.)

Табела 2

## РАМНОТЕЖАТА ВО ПРИРОДАТА МНОГУ Е ОСЕТЛИВА И ЛЕСНО СЕ НАРУШУВА

| Занимање | | Воопшто не се сложува | Делумно не се сложува | Неодлучен | Делумно се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. Ученик во средно училиште | | 1 | 6 | 20 | 26 | 47 | 100 |
| | H | 1,00 | 6,00 | 20,00 | 26,00 | 47,00 | 25,00 |
| | V | 9,09 | 28,57 | 62,50 | 28,26 | 19,26 | |
| | T | 0,20 | 1,37 | 4,88 | 6,45 | 11,72 | |
| | | 2,15 | 5,25 | 8,00 | 23,00 | 61,00 | |
| 2. Студент на општествени и хуман. факултети | | 2 | 5 | 3 | 13 | 25 | 27 |
| | H | 4,17 | 10,42 | 6,25 | 27,08 | 52,08 | 6,75 |
| | V | 18,18 | 23,81 | 9,38 | 14,13 | 10,24 | |
| | T | 0,39 | 1,17 | 0,59 | 3,13 | 6,25 | |
| | | 1,32 | 2,52 | 3,84 | 11,04 | 29,29 | |
| 3. Студент на технички факултети | | 0 | 0 | 0 | 10 | 17 | 27 |
| | H | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 37,04 | 62,96 | 6,75 |
| | V | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 10,87 | 6,97 | |
| | T | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2,34 | 4,10 | |
| | | 0,74 | 1,41 | 2,16 | 6,21 | 16,47 | |
| 4. Студент на медицински факултети | | 1 | 5 | 2 | 4 | 13 | 25 |
| | H | 4,00 | 20,00 | 8,00 | 16,00 | 52,00 | 6,25 |
| | V | 9,09 | 23,81 | 6,25 | 4,35 | 5,33 | |
| | T | 0,29 | 1,17 | 0,39 | 0,98 | 3,13 | |
| | | 0,68 | 1,31 | 2,00 | 5,75 | 15,25 | |
| 5. Работник во материјално производство | | 5 | 1 | 5 | 20 | 69 | 100 |
| | H | 5,00 | 1,00 | 5,00 | 20,00 | 69,00 | 25,00 |
| | V | 45,45 | 4,76 | 15,63 | 21,74 | 28,28 | |
| | T | 1,17 | 0,20 | 1,17 | 4,88 | 17,19 | |
| | | 2,75 | 5,25 | 8,00 | 23,00 | 61,00 | |
| 6. Работник во заеднички служби во Р.О. | | 2 | 4 | 2 | 19 | 73 | 100 |
| | H | 2,00 | 4,00 | 2,00 | 19,00 | 73,00 | 25,00 |
| | V | 18,18 | 19,05 | 6,25 | 20,65 | 29,92 | |
| | T | 0,39 | 0,98 | 0,39 | 4,69 | 18,16 | |
| | | 2,75 | 5,25 | 8,00 | 23,00 | 61,00 | |
| Вкупно: | | 11 | 21 | 32 | 92 | 244 | 400 |
| | | 2,75 | 5,25 | 8,00 | 23,00 | 61,00 | 100,00 |

б) Во однос на ставот „Човекот ја злоупотребува природата и ја уништува околината“ забележливи се разлики во ставовите на испитуваните социјални групи. Кај учениците и студентите присутен е знатно поголем број на неодлучни и оние кои делумно се сложуваат, отколку кај вработените од непосредното материјално производство. Така на пример, кај учениците во средните училишта, 49% изјавиле дека целосно се сложуваат со наведениот став, кај работниците интересот е нешто поголем и изнесува 57%, а кај вработените во заедничките служби изнесува 70% од анкетираните. Најнизок процент забележан е кај студентите на медицинските факултети, само 32%, а за разлика од нив кај студентите од техничките факултети тој процент изнесува 70,3%. Незнатен е бројот на оние кои изјавиле дека воопшто не се сложуваат со наведениот став (кај сите заедно тој изнесува само 3%).

в) Сличен однос е забележан и по ставот; „Рамнотежата на природата е многу осетлива и лесно се нарушува“. Ако ги спoредиме двата екстремни одговори на прашањето „Воопшто не се сложува“ и „Потполно се сложува“, тогаш во корист на вториот став односот е 2, 7% : 61%. Најмногу неодлучни и недоволно определени е присутен кај учениците, но и нивниот одговор повеќе се движи кон тоа дека делимично се сложуваат отколку кон тоа дека делимично не се сложуваат. (Табела 2.)

г) На прашањето; „Дали заштитата на човековата средина треба да има предност пред другите општествени задачи“, повеќето од половината од испитаниците изјавиле дека потполно се сложуваат со тоа! Исто така и во однос на овој став, кај работниците во материјалното производство е присутна знатно поголема позитивна определба во прилог на заштитата на човековата средина. Кај работниците од материјалното производство највисок е процентот на одлучно определените за заштитата на човековата средина. (68%), за разлика од студентите на општествено-хуманистичките факултети (47,9%) или медицинските (40%).

д) Слични разлики се присутни и при заземањето на позитивен одговор за ставот; „За да преживее човекот мора своите потреби да ги усогласува со природата“. Од вкупниот број анкетирани 70% потполно се сложуваат, а само 2,5% воопшто не се сложуваат. Кај вработените од непосредното материјално производство, 70% потполно се сложуваат, а кај учениците тој процент е знатно понизок и изнесува 54%.

Резултатите од истражувањето покажуваат, дека само мал дел од испитаниците имаат изразито негативен однос према природата и нејзината заштита и поседуваат правилен став према состојбите во природата. Разликите кои се јавуваат во однос на занимањето покажуваат дека местоположбата во процесот на трудот има големо влијание врз вредносниот став на луѓето. Иако се очекуваше дека кај учениците, а особено

кај студентите, позитивните вредности ќе бидат поизразени, сепак податоците останаа во рамките на слични истражувања во други средини во нашата земја.

Бројот од речиси 2/3 од испитаниците кои имаат позитивен став во однос на природата и нејзината заштита, нејзината рамнотежа и присутната злоупотреба, покажува една изразито позитивна трансформација во свеста на луѓето која може да има далекусежни позитивни ефекти во иднина, во правилната перцепција на еколошките проблеми. Тоа значи дека во свеста кај луѓето значајно се присутни сознанија за состојбите во природата и за улогата на човековата ирационална интервенција која може да доведе до катастрофални последици.

## ЗАНИМАЊЕТО И ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ЕКОЛОШКИТЕ ПРОБЛЕМИ

а) Загадувањето на воздухот во Скопје е еден од најприсутните еколошки проблеми. Речиси 93% од испитаниците изјавиле дека загадувањето на воздухот е изразито многу присутно, а од вкупниот број анкетирани само 0,5%, односно двајца ученици, сметаат дека воздухот воопшто не е загаден!

Овде е интересно тоа што 81% сметаат дека и во наредните десет години воздухот во Скопје ќе биде исто така многу загаден! Се поставува логично прашање; Од каде доаѓа толку големиот песимизам дека практично ситуацијата на преминот на XXI век воопшто нема да се подобри? Тоа е интересно за понатамошни истражувања. Имено, ако луѓето се убедени дека нешто суштинско нема да се менува на тој план, тогаш тоа е интересно и од психолошки аспект.

б) Сличен е ѝ одговорот на прашањето за присуството на бучавата, во овој момент и во наредните десет години. Речиси 72% од сите испитаници сметаат дека бучавата е многу присутна во Скопје, а 62% од нив се убедени дека таа ќе остане и во наредните десет години. Мерењето на бучавата во Скопје покажува дека таа е изразито присутна во одделни делови во градот.

в) Присуството на ѓубре во големите градови е можеби еден од најголемите класични еколошки проблеми. Приближно 88% од сите испитаници сметаат дека ѓубрето е многу присутно на скопските улици, а само 1,2% дека воопшто го нема. Речиси 70% останале на мислењето дека и во наредните десетина години, тоа ќе има доминантно место во групата на класичните еколошки проблеми!

г) Слично е ѝ мислењето за присуството на отровниот индустриски отпад, исцрпувањето на природните ресурси, загаденоста на водата за пиење, претворањето на плодното зем-

Табела 3

## ПРИСУСТВО НА ОТРОВНИ ИНДУСТРИСКИ ОДПАДОЦИ ВО НАРЕДНИТЕ ДЕСЕТ ГОДИНИ

| Занимање | | Многу | Малку | Николку | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. Ученик во средно учил. | | 59 | 33 | 8 | 100 |
| | H | 59,00 | 33,00 | 8,00 | 25,58 |
| | V | 21,93 | 32,04 | 42,11 | |
| | T | 15,04 | 8,40 | 1,95 | |
| | | 68,79 | 26,34 | 4,85 | |
| 2. Студент на општ. и хуман. факултети | | 35 | 11 | 2 | 48 |
| | H | 72,92 | 22,92 | 4,17 | 12,28 |
| | V | 13,01 | 10,68 | 10,53 | 12,28 |
| | T | 8,79 | 2,73 | 0,39 | |
| | | 33,02 | 12,64 | 2,33 | |
| 3. Студент на технички факултет | | 22 | 5 | 0 | 27 |
| | H | 81,48 | 18,52 | 0,00 | 6,91 |
| | V | 8,18 | 4,85 | 0,00 | |
| | T | 5,47 | 1,17 | 0,00 | |
| | | 18,57 | 7,11 | 1,31 | |
| 4. Студент на медицински факултет | | 13 | 12 | 0 | 25 |
| | H | 52,00 | 48,00 | 0,00 | 6,39 |
| | V | 4,83 | 11,65 | 0,00 | |
| | T | 3,32 | 2,93 | 0,00 | |
| | | 17,19 | 6,58 | 1,21 | |
| 5..Работник во материјал. производ. | | 67 | 22 | 7 | 96 |
| | H | 69,79 | 22,92 | 7,29 | 24,55 |
| | V | 24,91 | 21,36 | 36,84 | |
| | T | 16,99 | 5,47 | 4,66 | |
| | | 66,04 | 25,28 | 4,66 | |
| 6 Работник во заед. служби | | 73 | 20 | 2 | 95 |
| | H | 76,84 | 21,05 | 2,10 | 24,30 |
| | V | 27,14 | 19,42 | 10,53 | |
| | T | 16,99 | 5,47 | 1,76 | |
| | | 65,35 | 25,02 | 4,61 | |
| Вкупно: | | 269 | 103 | 19 | 391 |
| | | 68,80 | 26,34 | 4,86 | 100,00 |

јиште во други намени и сл. Она што е интересно во одговорите на прашањата е тоа што најголем број од испитаниците, во просек околу 2/3, сметаат дека ништо подобро во иднина нема да се случи на планот на заштитата на човековата околина од т.н. класични загадувачи. (Табела бр. 3).

Според едно мислење, кое произлезе пред сè од реалните економски можности за развојот на општеството, ваквиот став на испитаниците има реална основа. Имено, останува отворено прашањето, дали присуството на сознанието за нужноста на состојбите, во кои животната средина мора да биде оптоварена со присуство на загадувачки материи, го пасивизира човековиот ангажман и го помирува со неминовноста за реалните состојби? Ако е недвосмислено уверувањето кај испи-

таниците за катастрофалните состојби на планот на животната средина и нејзината оптовареност со материи кои ја загрозуваат и уништуваат, тогаш прашањето за еколошкиот ангажман е недоволно јасно. Пристуна е една голема поделеност во свеста и однесувањето: од една страна постои висок степен на еколошката свест, а од друга страна, отсуствува било каков практичен ангажман

## ЗАНИМАЊЕТО И ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ЕДНО ПОЖЕЛНО „ЕКОЛОШКО ОПШТЕСТВО"

Промената на системот на вредности, во кој развојот на науката, техниката и производните сили за прогресот на општество тоа се земаат како најважни моменти, постепено почнува да се напушта. Во нашето истражување се покажа дека, на пример, само 1/5 од анкетираните (22,5% )сметаа дека техниката има повеќе позитивни отколку негативни страни во развојот на општеството, а бројот на оние кои воопшто не се сложуваат со тој став изнесува само 5,5%.

Ставот за потребата од вложување во нечистите технологии кои загадуваат но и обезбедуваат нови работни места, можеби најадекватно ја покажува состојбата на еколошката свест кај младите, но и оние кои се наоѓаат во производствениот процес. Само 12,3% од анкетираните се сложуваат со ставот дека; обезбедувањето на нови работни места може да биде реализирано преку примената на нечисти технологии. Кај вработените од непосредното материјално производство тој процент е највисок и изнесува 19,5% а кај учениците и студентите е најнизок, само 7%. Студентите по медицина, речиси 2/3 изјавиле дека воопшто не се сложуваат обезбедувањето на нови работни места да биде реализирано со примена на нечисти технологии кои ја загадуваат животната средина. (Табела 4).

Критичноста кон загадувачите на човековата средина се намалува кога заштитата се доведува во врска со намалувањето на работните места. Само 19,1% воопшто не се сложуваат намалувањето на работните места да биде на сметка на заштитата на средината, а двојно повеќе се сложуваат. Имено, ако заштитата на животната средина се доведе во врска со економската рецесија, преку затворање на производствените организации кои применуваат нечиста технологија и ја загрозуваат средината, а тоа биде најглавната причина за зголемување на бројот на невработените, тогаш е доведен во прашање еколошкиот ангажман на најголемиот дел од населението. Активностите поврзани со заштитата на човековата околина се маргинализирани на решавање на споредни прашања кои немаат суштинско значење. Тоа е само потврда дека еколошката свест во голема мера се фрагментаризира и повеќе

има смисла да се говори за свест која е насочена кон некои надворешни, површни активности. Затоа и не може да се говори за вистинска еколошка ориентација која произлегува

Табела 4

ДАЛИ СЕ СЛОЖУВАТЕ СО СТАВОТ, И ВО КОЈА МЕРА, ДЕКА Е ВАЖНО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ТЕХНОЛОГИЈАТА КОЈА ЗАГАДУВА, НО И ОБЕЗБЕДУВА РАБОТНИ МЕСТА?

| Занимање | | Воопшто не се сложува | Делумно не се сложува | Неодлучен | Делумно се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. Ученик во средно училиште | | 29 | 21 | 31 | 12 | 7 | 100 |
| | H | 29,00 | 21,00 | 31,00 | 12,00 | 7,00 | 25,25 |
| | V | 17,06 | 31,82 | 47,69 | 26,09 | 14,29 | |
| | T | 7,23 | 5,27 | 7,81 | 2,93 | 1,76 | |
| | | 42,92 | 16,66 | 16,41 | 11,61 | 12,37 | |
| 2. Студент на општествени и хуман. факултети | | 19 | 14 | 7 | 5 | 3 | 48 |
| | H | 39,58 | 29,17 | 14,58 | 10,42 | 6,25 | 12,12 |
| | V | 11,18 | 21,21 | 10,77 | 10,87 | 6,12 | |
| | T | 4,69 | 3,52 | 1,76 | 1,17 | 0,59 | |
| | | 20,60 | 8,00 | 7,87 | 5,57 | 5,93 | |
| 3. Студент на технички факултет | | 14 | 2 | 3 | 3 | 5 | 27 |
| | H | 51,85 | 7,41 | 11,11 | 11,11 | 18,52 | 6,82 |
| | V | 8,24 | 3,03 | 4,61 | 6,52 | 10,20 | |
| | T | 3,52 | 0,39 | 0,59 | 0,59 | 1,17 | |
| | | 11,59 | 4,50 | 4,43 | 3,13 | 3,34 | |
| 4. Студент на медицински факултет | | 16 | 3 | 2 | 4 | 0 | 25 |
| | H | 64,00 | 12,00 | 8,00 | 16,00 | 0,00 | 6,31 |
| | V | 9,41 | 4,54 | 3,08 | 8,69 | 0,00 | |
| | T | 3,91 | 0,59 | 0,39 | 0,98 | 0,00 | |
| | | 10,73 | 4,16 | 4,10 | 2,90 | 3,09 | |
| 5. Работник во материјално производство | | 52 | 13 | 9 | 10 | 15 | 99 |
| | H | 52,52 | 13,13 | 9,09 | 10,10 | 15,15 | 25,00 |
| | V | 30,59 | 19,70 | 13,85 | 21,74 | 30,61 | |
| | T | —13,09 | 3,13 | 2,15 | 2,34 | 3,71 | |
| | | 42,50 | 16,50 | 16,25 | 11,50 | 12,25 | |
| 6. Работник во заеднички служби во Р.О. | | 40 | 13 | 13 | 12 | 19 | 97 |
| | H | 41,24 | 13,40 | 13,40 | 12,37 | 19,59 | 24,49 |
| | V | 23,53 | 19,70 | 20,00 | 26,09 | 38,77 | |
| | T | —9,96 | 3,13 | 3,13 | 2,93 | 4,69 | |
| | | 41,64 | 16,16 | 15,92 | 11,26 | 12,00 | |
| Вкупно: | | 170 | 66 | 65 | 46 | 49 | 396 |
| | | 42,93 | 16,67 | 16,41 | 11,62 | 12,37 | 100,00 |

длабоко од основите на индустриската цивилизација. Тоа на некој начин го потврдува и одговорот на прашањето за можностите на решавањето на еколошките прашања за кои е нужен динамичен научно-технолошки развој. Имено, над половината од испитаната градска популација смета дека само брзиот научно-технолошки развој може да ги реши еколош-

ките проблеми, а само 6,8% не се сложуваат со тој став. Кај вработените од непосредното материјално производство особено доаѓа до израз техницистичкиот став, дека развојот на техниката може целосно да го реши загадувањето на средината. За разлика од нив, кај учениците и студентите, присутен е изразито критичен став спрема техниката. Разлики постојат и во одговорите на прашањето за можностите за решавање на еколошките проблеми и промените на општествениот систем. Работниците и по однос на тоа прашање имаа најизразен позитивен одговор (52,5%), за разлика од учениците (26%) и студентите на општествено-хуманистичките факултети (39%). Имено, ако се сложиме со мислењето дека еколошките проблеми произлегуваат и од карактерот на општествениот систем работниците кои се непосредни субјекти во процесот на производството имаат далеку поиздиференцирано мислење за тоа каде се наоѓаат причините за загрозувањето на животната средина и кои се вистинските виновници за тоа. Затоа, и најголемиот дел од нив сметаат дека заштитата на човековата средина зависи од карактерот на општествените односи.

Прашањето за можностите на едно „еколошко општество кое пред сè, наједноставно сфатено, како општество кое ќе се стреми да ја зачува природата онаква каква è, општество кое ќе гради благосостојба не по цена на ризик, општество во кое работата ќе биде задоволство, а не средство за заработувачка и за натрупување на материјално богатство, општество во кое поединецот ќе се цени по своите квалитети односно, општество кое заштитата на средината ја има за една од најважните задачи и кое ќе воспоставува една динамичка рамнотежа врз еколошки начела на развојот и штедливо ќе се однесува спрема природните ресурси за да се сочуваат за идните генерации, во одговорите на испитаниците, што е посебно важно да се нагласи, се забележува една блага тенденција на длабоки трансформации на вредносниот систем, но која е обременета со изразито противречни ставови. Тоа говори за радикални промени во свеста, мислењето и однесувањето на луѓето, кога станува збор за прифаќањето на еден нов културен модел и начин на живеење, во услови на изразита економска, социјална и политичка криза. На пример, пожелноста за изградба на општество кое ќе тежи да ја зачува природата онаква каква е, е присутно кај 45,4% од испитаниците, а само 6,5% не се сложуваат со таквиот однос на човекот спрема природата. И овде кај работниците од материјалното производство е забележан највисок процент и може да се констатира дека од сите останати испитувани категории кај нив има најразвиена представа за една општествена заедница која би се засновала на почитување на еколошките законитости, односно, за една заедница која би постигнала хармонија меѓу природата, општеството и техниката. На пример, кај работниците највисок процент го сочинуваат на оние кои се сложуваат со вредностите на општест-

вото кое ја почитува работата која на човекот му прави задоволство (62,2%), а најниско е кај учениците (37%) и студентите на општествено-хуманистичките факултети (29,1%), техничките, 44,4% и медицинските, 40%. (Табела 5).

Табела 5

ДАЛИ СЕ СЛОЖУВАТЕ СО СТАВОТ И ВО КОЈА МЕРА ДЕКА ВО ИДНИНА БИ ТРЕБАЛО ДА СЕ ГРАДИ ОПШТЕСТВО КОЕ ЈА ПОТТИКНУВА РАБОТАТА КОЈА НА ЧОВЕКОТ МУ ПРАВИ ЗАДОВОЛСТВО

| Занимање | | Воопшто не се сложува | Делумно не се сложува | Неодлучен | Делумно се сложува | Потполно се сложува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. Ученик во | | 11 | 16 | 16 | 20 | 37 | 100 |
| средно | H | 11,00 | 16,00 | 16,00 | 20,00 | 37,00 | 25,25 |
| училиште | V | 40,74 | 29,63 | 39,02 | 22,99 | 19,79 | |
| | T | 2,73 | 3,91 | 3,91 | 4,88 | 9,18 | |
| | | 6,81 | 13,63 | 10,35 | 21,96 | 47,22 | |
| 2. Студент во | | 1 | 8 | 10 | 15 | 14 | 48 |
| општествени | H | 2,08 | 16,67 | 20,83 | 31,25 | 29,17 | 12,12 |
| и хуман. | V | 3,70 | 14,81 | 24,39 | 17,24 | 7,49 | |
| факултети | T | 0,20 | 1,95 | 2,34 | 3,71 | 3,52 | |
| | | 3,27 | 6,54 | 4,96 | 10,54 | 22,66 | |
| 3. Студент на | | 5 | 5 | 1 | 4 | 12 | 27 |
| технички | H | 18,52 | 18,52 | 3,70 | 14,81 | 44,44 | 6,82 |
| факултет | V | 18,52 | 9,26 | 2,44 | 4,60 | 6,42 | |
| | T | 1,17 | 1,17 | 0,20 | 0,98 | 2,93 | |
| | | 1,84 | 3,68 | 2,79 | 5,93 | 12,75 | |
| 4. Студет на | | 0 | 1 | 3 | 11 | 10 | 25 |
| технички | H | 0,00 | 4,00 | 12,00 | 44,00 | 40,00 | 6,31 |
| факултет | V | 0,00 | 1,85 | 7,32 | 12,64 | 5,35 | |
| | T | 0,00 | 0,20 | 0,59 | 2,73 | 2,34 | |
| | | 1,70 | 3,40 | 2,58 | 5,49 | 11,80 | |
| 5. Работник во | | 4 | 14 | 7 | 20 | 53 | 98 |
| материјално | H | 4,08 | 14,29 | 7,14 | 20,41 | 54,08 | 24,08 |
| производство | V | 14,81 | 25,92 | 17,07 | 22,99 | 28,34 | |
| | T | 0,98 | 3,52 | 1,76 | 4,88 | 13,28 | |
| | | 6,68 | 13,36 | 10,14 | 21,53 | 46,27 | |
| 6. Работник во | | 6 | 10 | 4 | 17 | 61 | 98 |
| заеднички | H | 6,12 | 10,20 | 4,08 | 17,35 | 62,24 | 24,75 |
| служби | V | 22,22 | 18,52 | 9,75 | 19,54 | 32,62 | |
| | T | 1,37 | 2,34 | 0,98 | 4,10 | 15,23 | |
| | | 6,68 | 13,36 | 10,14 | 21,53 | 46,27 | |
| Вкупно: | | 27 | 54 | 41 | 87 | 187 | 396 |
| | | 6,82 | 13,64 | 10,35 | 21,97 | 47,22 | 100,00 |

Иако во голема мера овие податоци содржат одреден степен на меѓусебна противречност, сепак можеме да констатираме дека кај некои категории од градското население (пред сè кај вработените од материјалното производство) имаат формирано доволно елементи во системот на вредностите, по-

требите и интересите, во прилог на една доволно заокружена перцепција за една нова заедница која барем минимално ќе ги почитува законитостите на природата, а како основен услов за тоа е нејзината заштита од деградација од страна на ирационалниот однос на човекот, базиран врз профината економија.

## ЗАГАДЕНОСТА НА СКОПЈЕ ПО НАСЕЛБИ

Факт е дека некои делови населби од градот сè повеќе а некои сè помалку загадени. Некои се наоѓаат во близината на големите загадувачи на воздухот и нормално е да ги чувствуваат проблемите од загадувањето повеќе од другите. Потоа, централните делови на градот, поради присуството на интензивен сообраќај кои во текот на целиот ден сè многу повеќе изложени на бучава и загадување на воздухот, отколку периферните делови на градот кои се надвор од доменот на интензивниот сообраќај. Во просек, во речиси сите населби, постои голем интерес за заштитата на човековата околина. Најголем интерес е присутен кај испитаниците кои живеат во централно подрачје (91,2%), а најмал во населбите Карпош, I, II, III, IV, (82,8%). Само 1% заштита на средината во населбата во која живеат воопшто не ги интересира (Табела 6).

Најкритично мислење за загаденоста на Скопје имаат жителите од населба Ѓорче Петров, Ново Село, Бардовци, Злокукани и Центар, а најмалку испитаниците од населбите Пинтија и Кисела Вода!

Најзагадени населби, според мислењето на оние кои живеат во нив, сè населбите Железара и Бутел II (82,3%) потоа следат населбите Лисиче, Аеродром и централното подрачје со приближно 50%. Најмалку загадени населби, според мислењето на испитаниците сè населбите Карпош I, II, III и IV со само 18,3% населбите Маџари и Сингелиќ со 20,8% и населбите Ѓорче Петров, Ново село, Бардовци и Злокукани со само 10%. Интересен е податокот дека критичноста загаденоста за својата населба се намалува во однос на градот како целина, 33,8% наспроти 47,8%, што не е мала разлика!. Тој факт говори за карактерот на информациите за загаденоста на средината на ниво на Скопје како целина, спрема кого и повеќето од испитаниците сè покритички расположени, отколку спрема средината каде живеат! Скопје се доживува на еден апстрактен начин!

На прашањето: Дали воведувањето на трамвајот како градско превозно средство ќе влијае врз загаденоста и ќе го подобри градскиот превоз, 50,6% одговориле позитивно, а само 11,5% негативно. Останатите 37,7% сметаат дека значајно нема да влијае.

Табела 6

## ИНТЕРЕСОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕСТОТО (НАСЕЛБАТА) ВО КОЈА ЖИВЕЕ ИСПИТАНИКОТ

| Населба | | Многу | Малку | Николку | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. Центар на градот | | 73 | 6 | 1 | 80 |
| | H | 91,25 | 7,50 | 1,25 | 20,10 |
| | V | 21,10 | 12,50 | 25,00 | 20,10 |
| | T | 18,16 | 1,37 | 0,20 | |
| | | 69,54 | 9,64 | 0,80 | |
| 2. Карпош I, II, III, IV | | 42 | 7 | 0 | 49 |
| | H | 85,71 | 14,29 | 0,00 | 12,31 |
| | V | 12,14 | 14,58 | 0,00 | |
| | T | 10,55 | 1,76 | 0,00 | |
| | | 42,59 | 5,90 | 0,49 | |
| 3. Населби во подножјето на Водно | | 29 | 4 | 2 | 35 |
| | H | 82,86 | 11,43 | 5,71 | 8,79 |
| | V | 8,38 | 8,33 | 50,00 | |
| | T | 7,23 | 0,98 | 0,39 | |
| | | 30,42 | 4,22 | 0,35 | |
| 4. Населби (Железара, Бутел II) | | 15 | 2 | 0 | 17 |
| | H | 88,23 | 11,78 | 0,00 | 4,27 |
| | V | 4,34 | 4,17 | 0,00 | |
| | T | 3,71 | 0,39 | 0,00 | |
| | | 14,77 | 0,39 | 0,17 | |
| 5. Мацари, Синѓелиќ | | 21 | 3 | 0 | 24 |
| | H | 87,50 | 12,50 | 0,00 | 6,03 |
| | V | 6,07 | 6,25 | 0,00 | |
| | T | 5,27 | 0,55 | 0,00 | |
| | | 20,86 | 2,89 | 0,24 | |
| 6. Аеродром, Лисиче | | 51 | 9 | 0 | 60 |
| | H | 85,00 | 15,00 | 0,00 | 15,08 |
| | V | 14,74 | 18,75 | 0,00 | |
| | T | 12,70 | 2,15 | 0,00 | |
| | | 52,16 | 7,23 | 0,60 | |
| 7. Пинтија, К. Вода | | 26 | 6 | 0 | 32 |
| | H | 81,25 | 18,75 | 0,00 | 8,04 |
| | V | 7,51 | 12,50 | 0,00 | |
| | T | 6,45 | 1,37 | 0,00 | |
| | | 27,81 | 3,85 | 0,32 | |
| 8. Ѓорче Петров, с. Бардовци Злокуќани | | 17 | 2 | 0 | 19 |
| | H | 89,47 | 10,53 | 0,00 | 4,77 |
| | V | 4,91 | 4,17 | 0,00 | |
| | T | 4,10 | 0,39 | 0,00 | |
| | | 16,51 | 2,29 | 0,19 | |
| 9. Во други населби | | 72 | 9 | 1 | 82 |
| | H | 87,80 | 10,97 | 1,22 | 20,60 |
| | V | 20,81 | 18,75 | 25,00 | |
| | T | 17,97 | 2,15 | 0,20 | |
| | | 71,28 | 9,88 | 0,82 | |
| Вкупно: | | 346 | 48 | 4 | 398 |
| | | 86,93 | 12,06 | 1,01 | 100,00 |

Најголем број на испитаниците кои живеат во населбите Карпош I, II, III и IV смета дека трамвајот ќе го подобри градскиот превоз и ќе ја намали загаденоста на воздухот, а најмал процент, 25% од испитаниците кои живеат во населбите Ѓорче Петров, Ново село, Злокуќани и Бардовци имаат позитивно мислење за тоа.

За состојбите на загадувањето на животната средина граѓаните најмногу се информирани преку дневниот печат 74,4% и радиото и телевизијата 82,4%. Присутни се и други начини на информирање но со сосема мала застапеност (разговори со пријатели, учество на трибини и предавања, преку книги и брошури и други начини).

## КАРАКТЕРОТ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И СОСТОЈБИТЕ НА УРБАНИОТ ЕКОСИСТЕМ

Целта на истражувањето не беше насочена кон целосно согледување на феномените на еколошката свест кај градското население. Тоа не е можно ако се остане само на ниво на анкетно истражување кое зафаќа само еден сегмент од сложената стварност во која се најдува човекот во услови на сложен, екосистем, каков што е градот. Еколошките проблеми за широките маси станаа актуелни пред неколку години, кога почна зачестено и отворено да се говори за состојбите во кои се најде развојот на општеството, базиран пред сè на нечистите технологии, кои непријателски се расположени према природата и врз здравјето на луѓето.

Прашањето кое овде се поставува, а кое нужно се наметнува од резултатите од истражувањето можеме да го поставиме на следниот начин: Дали последните неколку години дошло до радикални промени во сферата на вредносниот систем кај граѓаните во однос на опасностите кои со себе ги носи неконтролираниот (индустриски) развој, и дали луѓето се спремни за конкретен еколошки ангажман за заштита на средината во која живеат?

Прво, кај најголемиот дел од испитаниците е присутно сознанието дека природниот екосистем може лесно да се наруши што може да предизвика големи последици и за човекот. Присутните разлики меѓу одделните структури од населението не сè така големи. Единствено кај вработените од непосредното, материјално производство е присутно нешто поизразито критичко мислење.

Потоа, само некои од независните варијабили влијаат врз разликите на одговорите меѓу испитаниците. Само во однос на занимањето се забележливи позначајни разлики, а во однос на другите варијабли (пол, потекло, занимање и образование на родителите) нема значајни отстапувања на одговорите.

Перцепцијата на глобалните еколошки проблеми кај истражуваната популација нема формирано диференцирано значење кај поедините групи од населението на градот. Тоа доаѓа од таму што системот на информирање, во голема мера ги униформира ставовите и не дава можности за поразвиена и продлабочена интерпретација и перцепција.

Карактерот на еколошкиот сензибилитет произлезе и од процесот на демократизација на општествено-политичкиот систем и од глобалната дебирократизација на општествените односи, со што се ослободи голема енергија која, во почетокот, беше претежно насочена кон еколошките проблеми, преку кои се сакаше да се решат и другите проблеми со кои се соочи понатамошниот развој на општеството.

Интересна е перцепцијата на испитаниците за т.н. еколошко општество. Ако направиме една синтетичка анализа за тоа кој тип на општеството преовладува во свеста на испитаниците, дали индустрискиот (материјалистички вредности) или (еколошкиот постматеријалистички вредности), ќе заклучиме дека речиси половина од испитаниците сè за изградба на едно еколошко општество во кое би се одвивала една радикална трансформација на основните вредности на „материјалистичката индустриска цивилизација".

Во однос на тоа дали присуството на т.н. класични форми на загадувањето на животната средина ќе останат и наредните десетина години, забележан е голем песимизам, можеби и од оправдани причини, затоа што примената на чисти технологии кои не загадуваат е многу сложен и скап процес кој, сигурно е, дека нема за блиско време да стане реалност на нашите простори.

Имено, загадувањето на животната средина уште сè поима на еден едноставен начин, како присуство на отпадни материи, кои се присутни насекаде во градот и кои претставуваат голем проблем за нормално живеење. Потоа, присуството на големи загадувачи на воздухот и почвата во Скопје, како сложен урбан екосистем, создава претстава за неможноста на брзо решавање на основните проблеми кои доведуваат до состојба на немоќ и разочарување, дека нешто позитивно може да сè направи во блиска иднина.

Прво, не постои соодветен и целосен информативен систем кој доследно ќе биде во функција на развивањето на свеста кај луѓето и ќе го насочува кон практично делување. Градот уште се доживува како претстава која ја режираат средствата за масовна комуникација! Таа ситуација доведува до расчекор во сфаќањето на еколошката криза, како социјална криза и обратно, социјалната криза како дел од еколошката криза. Општествената заедница се доживува на еден апстрактен начин, а институциите како центри на отуѓена моќ, за кои не постои позитивно мислење дека можат

нешто конкретно да направат во подобрување на состојбите на животнта средина. Тоа објаснува дел од постојниот расчекор меѓу состојбите на свеста и практичниот ангажман на планот на подобрување на животната средина. Истражувањето не дава доволно материјал за формирање на еколошки типови или дефинирана еколошка ориентација на испитаниците.

Еколошката свест è пред сè дифузна, неопределена, нестабилна противречна и статичка, поради тоа што уште не е формирана поцврста идеолошка основа од која може да се инспирира. Во иднина можно е оваа летантна енергија која се формира во сферата на заштитата биде насочувана кон пожелни цели само под претпоставка ако биде рационално-активистички структурирана во реализација на конкретни цели. Таа може да остане „неподвижна“ во сферата на песимизмот, кој најчесто произлегува од ставот, дека ако не може да се постигне целосен успех, тогаш секој краткорочен и делимичен успех се смета за непожелен и како таков непотребен. Факт е дека не постои јасен еколошки концепт и речиси никаков вонинституционален конкретен ангажман. Тоа ги деморализира и блокира поединечните иницијативи и ги претвора во бесмислени реакции. Тоа само покажува дека еколошката свест ја нема потребната кохерентност и општествени услови за себереализација, со што се доведува во состојба на „несреќна свест“, свест за границите на сопствената немоќ да менува било што позитивно во системот, во која нема место за индивидуална иницијатива и вонинституционален ангажман. Во услови на изразита економска криза кога екоидеологијата е само маска зад која се скриени вистинските интереси на економијата и политиката, отуѓувањето на свеста, од потребите на конкретното ангажирање се продлабочува.

Еколошкиот концепт може да произлезе само како резултат на една разгранета соепфатна еколошка раздвиженост и просветеност на широките народни маси, зашто постои доволно енергија кај најголемиот дел, особено кај градското население. За да се дојде до таа ситуација потребна е една јасна визија базирана на целосна демократизација на општествените односи, достапност до сите информации релевантни за донесување на поправилни одлуки кои ќе ги мобилизираат сите прогресивни сили кои еколошката акција ја сметаат за составен дел од борбата за здрава и чиста околина.

## ИНДУСТРИСКО ОПШТЕСТВО И НОВАТА ЕКОЛОШКА СВЕСТ

Емпириските податоци, сами по себе, малку говорат за состојбите во кои нужно се најде општеството кое интензивно се индустријализира. На пример, Теодор Адорно говори за „незрелоста“ на општеството на XX век и пâд на културата на човекот под нивото на искуството, кое во себе ги содржи

теоретската и историската свест за човекот, што доведува до „варварство“ и до немоќ да се излезе со нова визија за надминување на противречностите, кои произлегуваат и од експлоататорскиот, нерационален однос спрема природата и нејзиното безмилосно уништување.

Порастот на еколошкиот сензибилитет во насока на соочување на опасноста која со себе ја носи еколошката криза е само додатен агенс на сеопфатноста на кризата која длабоко навлегува во најсуштествените подрачја на човековиот живот. Егзактно-економскиот пристап кој настојува да одговори на прашањето за смалувањето на економскиот раст со истовремено задржување на динамиката на стопанскиот развој, за земјите кои сè во криза, претставува еден од најтешките проблеми. Идеологијата на растот тешко може да се критикува од позициите на една, во голема мера, разорена економија, која порастот на производството не го врзува со еколошките императиви. Општеството уште го нема достигнато потребното ниво на развитокот за да почне квалитетот на животот да го мери со параметри кои излегуваат од логиката на преголемата потрошувачка на материјални добра. Затоа и критиката на потрошувачката култура во социологијата се чини дека не ја погодува правата суштина на целите на општествениот развој. Субјективната желба за еколошки чиста средина повеќе е реакција на надворешните фактори и страв за сопствениот живот, а помалку внатрешна реакција на задоволени поединци и богато општество, кое „нултиот“ раст го смета не толку како фактор на трагични социјални конфликти, колку за нужна потреба за намалување на потрошувачките страсти и премин кон умерена потрошувачка. Логикчи има смисла да се критикува бесмисленоста на квантитативниот раст, кога се живее во благосостојба, но логички е бесмислено да се прокламира скромност на живеење кога најголемиот дел од населението живее под прагот на издржливост, во сиромаштија!

Прашањето за еколошкиот ангажман, како рационално организирана активност се сведува на ниво на задоволувањето на потребите. Квалитативно новиот период започнува оној момент кога задоволувањето на човековите потреби ќе го напушти подрачјето на идеологијата на создавање на материјални добра како основен показател за развиеноста. Сè додека квалитетот на животот се мери како количина на потрошени материјални добра не е можна концепција кај која еколошкиот момент добива централна позиција. Квалитетот на живот сфатен во доменот на можната еколошка парадигма, како една од доминантните компоненти на новата филозофија на изградба на општеството може да биде резултат само на нова револуција во културата на живеење. Од тој аспект, ние денес можеме да говориме само за почетоци на формирање на една нова свест со еколошки карактеристики. Ниският степен на манифестација, како „свест за околината“, а не ѝ за една

целосна програма, која како што смета Капра Фритјоф, претставува барање на една глобална еколошка свест, врз темелите на „заборавените вредности“ и како духовна свест врз која „поединецот ќе се чувствува дека е поврзан со космосот во целина“ а која наложува усвојување на некои валидни присутни вредности за динамичка рамнотежа во општеството и во природата.

*ILIJA ACESKI*

# LA CONSCIENCE ÉCOLOGIQUE ET LES VALEURS DU DÉVELOPPMENT DE LA SOCIÉTÉ

Résumé

Les mouvements écologiques sur le territoire macédonien commencent dans les circonstances d'une crise économique et politique intense et coïncident avec le commencement de la fin des illusions que le socialisme du type qu'aujourd'hui nous paraît absurde, oit possible!

En étudiant la conscience écologique de la population urbaine, l'auteur constate que l'accumulation primaire du capital dans les régions non-développées est la cause des conséquences graves sur le plan social, culturel et surtout écologique qui influencent la conscience et la conduite de la population urbaine.

La grande ville (Skopje) a réalisé la modernisation de la pauvreté et a crée la structure de la mentalité de consommation loin des possibilités réelles et en base du bas degré du développement de la société.